| *9.9* | | | | *Санација на решетки и сливници* | *2.500.000,00* | *2.500.000,00* | *2.500.000,00* | |
| *9.10* | | | | *ул.„Македонска Фаланга“* | *1.796.860,00* | *1.796.860,00* | *1.796.860,00* | |
| *9.11* | | | | *ул.„Цане Василев“* | *4.530.336,00* | *4.530.336,00* | *4.530.336,00* | |
| *9.12* | | | | *ул.„Тошо Даскало“* | *3.680.405,00* | *4.240.405,00* | *0,00* | |
| *9.13* | | | | *ул.„Пробиштип“* | *827.463,00* | *827.463,00* | *827.463,00* | |
| *9.14* | | | | *ул.„Ѓорги Ѓоргиев Џоџа“* | *862.435,00* | *862.435,00* | *862.435,00* | |
| *9.15* | | | | *Септичка јама и дренажа во ОУ во с.Црнобуки* | *699.775,00* | *699.775,00* | *699.775,00* | |
| *9.16* | | | | *Канализационен приклучок на ОУ во с.Крклино* | *77.927,00* | *77.927,00* | *77.927,00* | |
| *9.17* | | | | *Чистење на р. Курделец од мостот на ул.„Јонче Мурџевски“ до Трафистаницата* | *570.176,00* | *570.176,00* | *570.176,00* | |
| *9.18* | | | | *Канализационаен приклучок на објект УЗ„Кочо Десано“* | *0,00* | *27.000,00* | *27.000,00* | |
| *9.19* | | | | *Дренажа - спортска сала кај кугланата* | *0,00* | *100.000,00* | *100.000,00* | |
| | | | | | | | | |
| **10.** | **ЈИ0** | **Донации** | **482330** | **Реконструкција на с-ми за одведување и прочистување на отпадни води** | **68.450,00** | **68.450,00** | **68.450,00** | |
| *10.1* | | | | *Санација на одвод на постоечки чешми во населба Баир* | *68.450,00* | *68.450,00* | *68.450,00* | |
| | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | **РА** | **Фосилни горови** | **482330** | **Реконструкција на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **8.807.049,00** | **8.807.049,00** | **11.732.596,00** | |
| *11.1* | | | | *ул.„Крсте Мисирков“* | *1.314.858,00* | *0,00* | *0,00* | |
| *11.2* | | | | *ул.„Ари Ангелески“* | *2.057.800,00* | *2.057.800,00* | *2.057.800,00* | |
| *11.3* | | | | *ул.„Кленовец“* | *5.434.391,00* | *5.434.391,00* | *5.434.391,00* | |
| *11.4* | | | | *ул.„Булевар 1-ви мај“ (десна страна)* | *0,00* | *1.314.858,00* | *0,00* | |
| *11.5* | | | | *ул.„Тошо Даскало“* | *0,00* | *0,00* | *4.240.405,00* | |
| | | | | | | | | |
| **12.** | **ЈГ0** | **Основен буџет** | **482730** | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | **13.470.065,00** | **13.485.065,00** | **13.485.065,00** | |
| *12.1* | | | | *Приклучоци за водоводна мрежа на ул.„Илинденска“* | *3.647.101,00* | *3.647.101,00* | *3.647.101,00* | |
| *12.2* | | | | *ул.„Македонска Фаланга“* | *342.179,00* | *342.179,00* | *342.179,00* | |
| *12.3.* | | | | *ул.„Цане Василев“* | *2.478.391,00* | *2.478.391,00* | *2.478.391,00* | |
| *12.4* | | | | *ул.„Тошо Даскало“* | *944.566,00* | *944.566,00* | *944.566,00* | |
| *12.5* | | | | *ул„Ари Ангелески“* | *978.438,00* | *978.438,00* | *978.438,00* | |
| *12.6.* | | | | *ул.„Кленовец“* | *2.307.733,00* | *2.307.733,00* | *2.307.733,00* | |
| *12.7* | | | | *ул.„Пробиштип“* | *1.294.869,00* | *1.294.869,00* | *1.294.869,00* | |
| *12.8* | | | | *ул.„Ѓорѓи Ѓорѓиев Џоџа“* | *989.065,00* | *989.065,00* | *989.065,00* | |
| *12.9* | | | | *Приклучо на водоводна мрежа во излетничко место с.Лисолај* | *10.165,00* | *10.165,00* | *10.165,00* | |
| *12.10* | | | | *Монтажа и приклучок на водоводна мрежа кај Стадионот* | *127.558,00* | *127.558,00* | *127.558,00* | |
| *12.11* | | | | *Санација на водоводна мрежа на крак на ул.„Прогрес“* | *350.000,00* | *350.000,00* | *350.000,00* | |
| *12.12* | | | | *Водоводен приклучок на објект УЗ„Кочо Десано“* | *0,00* | *15.000,00* | *15.000,00* | |
| | | | | | | | | |
| **13.** | **ЈГ0** | **Донации** | **482730** | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | **48.153,00** | **48.153,00** | **48.153,00** | |
| *13.1* | | | | *Санација на постоечки чешми во населба Баир* | *48.153,00* | *48.153,00* | *48.153,00* | √ |
| | | | | | | | | |
| **14.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482930** | **Реконструкција на други објекти** | **23.635.515,00** | **23.635.515,00** | **23.635.515,00** | |
| *14.1* | | | | *Услуга од градежни машини* | *800.000,00* | *800.000,00* | *800.000,00* | |
| *14.2* | | | | *Градежно-занаетчиски работи заедно со градежни материјали* | *8.000.000,00* | *8.000.000,00* | *8.000.000,00* | |
| *14.3* | | | | *Реконструкција на два железнички премини* | *3.000.000,00* | *3.000.000,00* | *3.000.000,00* | |
| *14.4* | | | | *Реконструкција на спортски терен во ОУ „Тодор Ангелевски“* | *4.000.000,00* | *4.000.000,00* | *4.000.000,00* | |
| *14.5* | | | | *Промена на дограма и оипшивки во ОУ„Елпида Караманди“* | *450.000,00* | *450.000,00* | *450.000,00* | |
| *14.6* | | | | *Ограда околу игралиштето во с.Лажец* | *200.000,00* | *200.000,00* | *200.000,00* | |
| *14.7* | | | | *Санација на кровот во ОУ„Тодор Анѓлески“* | *4.322.340,00* | *4.322.340,00* | *4.322.340,00* | |
| *14.8* | | | | *Санација на кровот на објектот на МЗ во с. Ротино* | *600.000,00* | *600.000,00* | *600.000,00* | |
| *14.9* | | | | *Санација на објект на УЗ „Кочо Десано“* | *873.714,00* | *873.714,00* | *873.714,00* | |
| *14.10* | | | | *Санација на објект на УЗ во с. Кукуречани* | *1.389.461,00* | *1.389.461,00* | *1.389.461,00* | |
| | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **15.** | **ГД0** | **Основен буџет** | **482830** | **Реконструкција на капацитети во енергетиката** | **2.000.000,00** | **2.000.000,00** | **2.000.000,00** | |
| *15.1* | | | | *Одржување на с-ми за греење во објекти на О.Б-ла* | *2..000.000,00* | *2..000.000,00* | *2..000.000,00* | |
| | | | | | | | | |
| **16.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482940** | **Надзор над изградбата** | **2.000.000,00** | **2.000.000,00** | **2.000.000,00** | |
| | | | | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО II:** | **234.245.249,00** | **231.588.173,00** | **231.588.173,00** | |
| | | | | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО I+II:** | **310.419.921,00** | **310.419.921,00** | **310.419.921,00** | |

2. Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Битола.

Бр. 09-40/21
03.01.2021 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измени на Програмата за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2021 до 2023 година

1. Ја објавувам Програмата за измени на Програмата за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2021 до 2023 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 26.04.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-384/20
29.04.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член член 21 и член 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05...171/12) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 26.04.2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измени на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2021 до 2023 година

1. Во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2021 до 2023 се вршат измени во Планираните расходи на Развојни програми по години од 2021 до 2023 година и истите гласат:

Со оваа Програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата започнува со реализација во 2021 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализирање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2023 година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма изнесуваат **566.226.794,00 денари** .(Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **270.501.969,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2021год. и се распределуваат

на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **223.861.625,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2022год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **71.863.200,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2023год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Планираните средства во JDS програмата за Изградба и реконструкција на улици и локални патишта за 2021 год. (**Реконструкција на локален пат за с. Буково**) во износ од 9.812.958,00денари, се намалуваат за 3.367.403,00 денари и изнесуваат 6.445.555,00 денари, поради тоа што во постапка за јавна набавка за избор на изведувач е постигната е пониска вредност од првично планираната.

Планираните средства во JDN програмата за Изградба и реконструкција на улици и локални патишта за 2021год. **(Реконструкција на улица „Ѓорги Беќаров“**) во износ од 12.727.000,00 денари, се намалуваат за 4.032.143,00 денари и изнесуваат 8.694.855,00денари, поради тоа што во постапка за јавна набавка за избор на изведувач е постигната е пониска вредност од првично планираната.

Исто така со овие измени, Програмата JD - Изградба и реконструкција на улици и локални патишта после точка **9** се дополнува со уште една точка - точка **10. JDL – Реконструкција на ул. „Солунска“** со вкупна вредност за реализација од 10.701.968,00 денари распределени во две години.

Програмата КА – Културно творештво и манифестации (капитални трошоци) за 2021 год. после точка 9 (која со погоре цитираните измени стана точка 10) се дополнува со нови две точки 11 и 12 кои произлегуваат од прераспределба на средствата во КАВ програмата - **(Ревитализација на поранешен Офицерски дом)** во износ од **22.324.500,00 ден**. Со тоа, овие средства се распределуваат на **КАВ - Ревитализација на поранешен Офицерски дом партер - гранитни коцки 12.572.930,00 ден., KAD - Електромоторен транспортер за инвалидски колички за совладување скали на Офицерски дом - 1.000.000,00 ден. и KAL - Партерно уредување околу Офицерски дом - 8.751.570,00ден..**

Овој начин на прераспределба на средствата произлезе од потребата што треба да се објават три различни – разнородни јавни набавки кои се однесуваат на истиот објект – Офицерски дом.

Со овие измени точките од 11 до 20 се менуваат во точки од 14 до 23.

Динамиката на реализацијата на целата програма , со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови, и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 09-40/22
03.01.2021 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

ПРИЛОГ

# ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ од 2021 до 2023 година

| Ред. бр. | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2021 во ден | Износ за 2022 во ден | Износ за 2023 во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | Изградба и реконструкција на улици и локални патишта | | | |
| 1 | | JDI | Реконструкција на улица „Илинденска“ | 18.830.186,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2 | | JDA | Реконструкција на дел од улица „Довлеџик“ | 15.219.247,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3 | | JDB | Реконструкција на мостовите на р.Драгор и р.Курделец на улица „Довлеџик“ | 5.000.000,00 | 51.846.791,00 | 0,00 |
| 4 | | JDZ | Санација на улица „Индустриска“ | 3.277.060,00 | 11.712.412,00 | 0,00 |
| 5 | | JDM | Реконструкција на локален пат с.Трново-с.Магарево | 25.923.872,00 | 0,00 | 0,00 |
| 6 | | JDS | Реконструкција на локален пат за с.Буково | 6.445.555,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7 | | JDN | Реконструкција на улица „Ѓорги Беќаров“ | 8.694.855,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8 | | JDR | Реконструкција на улица „2-ри Август“ | 2.357.970,00 | 0,00 | 0,00 |
| 9 | | JDK | Реконструкција на улица „Булевар 1-ви Мај“ | 3.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 10 | | JDL | Реконструкција на улица „Солунска “ | 7.399.546,00 | 3.302.422,00 | |
| | | | | | | |
| | КА | | Културно творештво и манифестации (капитални трошоци) | | | |
| 11 | | KAB | Ревитализација на поранешен Офицерски дом партер - гранитни плочки | 12.572.930,00 | 0,00 | 0,00 |
| 12 | | KAD | Електромоторен транспортер за инвалидски колички за совладување на скали во Офицерски дом | 1.000.000,00 | | |
| 13 | | KAL | Партерено уредување околу Офицерски дом | 8.751.570,00 | | |
| | | | | | | |
| | LA | | Спорт и рекреација (Капитални трошоци) | | | |
| 14 | | LAA | Реконструкција на други објекти | 93.000.000,00 | 109.000.000,00 | 0,00 |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **GD** | | **Енергетика** | | | |
| **15** | | **GDA** | **Гасификација на Општина Битола** | **10.000.000,00** | **48.000.000,00** | **71.863.200,00** |
| | | | | | | |
| | **VA** | | **Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца)** | | | |
| **16** | | **VAA** | **Изградба на детска градинка во АРМ** | **26.038.989,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | | | | |
| | **JI** | | **Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води** | | | |
| **17** | | **JIK** | **Изградба на колекторски систем до с.Буково** | **8.000.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| **18** | | **JIM** | **Реконструкција на атмосферска канализациона мрежа на ул„Довлеџик“** | **3.194.186,00** | **0,00** | **0,00** |
| **19** | | **JIN** | **Реконструкција на фекална канализациона мрежа на ул„Довлеџик“** | **3.337.869,00** | **0,00** | **0,00** |
| **20** | | **JIA** | **Реконструкција на канализациона мрежа на ул„2-ри Август“** | **2.090.298,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | | | | |
| | **JG** | | **Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување** | | | |
| **21** | | **JGA** | **Реконструкција на водоводна мрежа на ул„2-ри Август“** | **1.886.379,00** | **0,00** | **0,00** |
| **22** | | **JGM** | **Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Булевар 1-ви Мај“** | **2.600.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| **23** | | **JGN** | **Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Довлеџик“** | **1.881.455,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | | | | |
| | | | **Вкупно по години:** | **270.501.969,00** | **223.861.625,00** | **71.863.200,00** |
| | | | **Се вкупно:** | **566.226.794,00** | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.04.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-384/21
29.04.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.04.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини во Општина Битола

**Член 1**

Се врши шеста измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини на Општина Битола.

**Член 2**

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Служ-бен гласник на Општина Битола".

Бр. 09-40/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.01.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на донација во вид на финансиски средства на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола за реализација на проектот за презентирање на откриените археолошки наоди на локацијата пред Јени Џамија

1. Ја објавувам Одлуката за давање на донација во вид на финансиски средства на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола за реализација на проектот за презентирање на откриените археолошки наоди на локацијата пред Јени Џамија, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.04.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-384/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.04.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 22 точка 36 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а во врска со член 7 став 1, член 8 став 1 и член 10 став 1 алинеја 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ" бр. 47/2006, 86/2008, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.04.2021 година донесе

## О Д Л У К А
## за давање на донација во вид на финансиски средства на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола за реализација на проектот за презентирање на откриените археолошки наоди на локацијата пред Јени Џамија

**Член 1**

Со ова одлука се дава донација во вид на финансиски средства на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола (во натамошниот текст: примател на донацијата) во максимална вредност од 2.500.000,00 денари, потребни за реализација на проектот за презентирање на откриените археолошки наоди на локацијата пред Јени Џамија, и тоа за изведба на застаклена настрешница на отворена археолошка сонда (до тротоар) пред влезот на уметничката галерија Јени Џамија на КП бр.8977 во КО Битола 3.

Точната вредност на донацијата ќе биде утврдена по спроведување на постапка и склучување на договор за јавна набавка од страна на примателот на донацијата за работите од ставот 1 на овој член, за што примателот на донацијата ќе биде должен да достави до Општина Битола известување за вредноста на склучениот договор за јавна набавка.

**Член 2**

Средствата од членот 1 на оваа одлука ќе се обезбедат со ребаланс на Буџетот на Општина Битола за 2021 година, на ставката 464990 – Разни трансфери, Програма А0 – Совет на Општина Битола, а ќе уплатат на сметката за донации која што примателот на донацијата ќе ја достави заедно со известувањето од член 1 став 1 на оваа одлука.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола за донацијата која што е предмет на оваа одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 09-40/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.01.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за аплицирање на Општина Битола по повик за предлози и грантови од програмата “ЕУ за општини - подобрување на услугите на локалната самоуправа преку иновативни концепти”

1. Ја објавувам Одлуката за аплицирање на Општина Битола по повик за предлози и грантови од програмата “ЕУ за општини - подобрување на услугите на локалната самоуправа преку иновативни концепти”, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.04.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-384/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.04.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.04.2021 година, донесе

## ОДЛУКА
## за аплицирање на Општина Битола по повик за предлози и грантови од програмата “ЕУ за општини - подобрување на услугите на локалната самоуправа преку иновативни концепти”

**Член 1**

Со оваа одллука се прифаќа партнерството помеѓу Општина Битола – Р.С. Македонија, ЈП Комуналец Битола – Р.С. Македонија, Мегасофт ПЛУС ДООЕЛ Битола – Р.С.Македонија и ЈП ЧИСТОЧА Риека - Р. Хрватска, за изработка на проект за иновациски систем за собирање на користена пластика и конзерви преку машини за рециклажа во општина Битола.

**Член 2**

Проектот на Општина Битола се состои од:

| | |
|---|---|
| Име на проектот | **Иновациски систем за собирање на користена пластика и конзерви преку машини за рециклажа во општина Битола.** |
| Носител на проектот | Општина Битола, Република Северна Македонија |
| Партнери | Општина Битола – Р.С.Македонија<br>ЈП “Комуналец” Битола – Р.С.Македонија<br>Мегасофт ПЛУС ДООЕЛ Битола – Р.С.Македонија<br>ЈП “ЧИСТОЧА” Риека - Р. Хрватска |
| Програма | “ЕУ за општини - подобрување на услугите на локалната самоуправа преку иновативни концепти” |
| Буџетска линија | EuropeAid/170320/DD/ACT/MK |
| Времетраење (во месеци) | 24 месеци |
| Вкупен износ на грантот (во | 808.443,00 евра |

| | |
|---|---|
| евра) | |
| Цел на проектот | Придонес кон развој и демонстрација на нова симбиоза со големо влијание врз животната средина помеѓу граѓаните, локалните бизниси и локалната самоуправа во третманот на цврст отпад што може да се рециклира во општина Битола, како и подобрување на иновативните услуги за собирање на користени материјали и создавање на систем за раздвојување на различни видови отпад и преработка на отпад во општина Битола. |

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен Гласник на Општина Битола“.

Бр. 09-40/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.01.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за формирање на Локален младински совет на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за формирање на Локален младински совет на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.04.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-384/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.04.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РСМ" број 05/02), член 70 и член 60-а од Статутот на Општина Битола (“Службен Гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) а во врска со член 16 од Законот за младинско учество и младински политики (“Службен весник на РСМ” бр.10/20) Советот на Општина Битола на седница одржана на 26.04.2021 донесе

## О Д Л У К А
## за формирање на Локален младински совет на Општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува основањето на Иницијативниот одбор, Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет на Општина Битола, делокругот на работа, постапката за избор на членовите и други прашања од значење на работата.

**Член 2**

(1)Локалниот младински совет е советодавно и претставничко тело на Општина Битола и се основа со цел активно вклучување на младите од Општина Битола во процесите на донесување на одлуките на локална власт преку предлагање на иницијативи за прашања кои ги засегаат младите на подрачјето на Општина Битола.

(2)Млади, во смисла на оваа одлука се државјани на Република Северна Македонија со место на живеење во Општина Битола на возраст од 15 до 29 години.

(3)Младите од став 1 на оваа одлука можат да бидат избирани за членови, претседател и заменик претседател на Локалниот младински совет на Општина Битола само ако се со постојано место на живеење во Општина Битола.

**Член 3**

(1)Претставниците на Локалниот младински совет имаат право да:

- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината кои ги засегаат младите,

- расправа за прашања за кои се распава во Советот на општината, а се од интерес на младите,

- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општината,
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со закон.

**Член 4**

(1)Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општина Битола, но не може да биде помалку од пет лица.

(2)Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

**Член 5**

(1)Иницијативниот одбор е тело кое се свикува само за конституирање на Локалното собрание на млади.

(2) Иницијативниот одбор е составен најмногу 5 члена од младинските организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои претходно аплицирале и ги исполниле критериумите на јавниот повик за формирање на иницијативен одбор од страна на Советот на Општина Битола.

(3) Иницијативниот одбор објавува јавен повик за формирање Локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општина Битола по принципот на транспарентност и јавност.

(4)Формите на организирање и здружување од ставот (2) на овој член не мора да бидат регистрирани во Општина Битола, но мора да имаат активности на територијата на Општина Битола.

(5) Членовите на Иницијативниот одбор од ставот (2) на овој член мора да имаат постојано живеалиште на територија на Општина Битола и да бидат на возраст од 15 до 29 години.

(6) Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на Општината.

(7)На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието.

(8)Првата седница на Локалното собрание на млади ја свикува веќе избраниот претседавач. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање Локален младински совет.

**Член 6**

(1)Членови на **Локалното собрание на млади** се по еден делегат и заменик делегат кои се предложени од страна на младинските организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои претходно аплицирале и ги исполниле критериумите на јавниот повик за формирање на Локалното собрание на млади.

(2)Надлежности на Локалното собрание на млади се:

- Да работат на спроведување на активностите.
- Да учествуваат во подготовка на документи.
- Да изберат членови на Локалниот младински совет.

(3)На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач по пат на тајно гласање со мнозинство гласови од членовите.

(4)Секој член на Локалното собрание на млади може да биде кандидиран за претседавач.

(5)Мандатот на членовите на Локалното собрание на млади вклучително и на претседавачот трае две години со право на уште еден избор.

(6) Локалното собрание на млади, објавува јавен повик за членови на Локалниот младински совет на Општина Битола.

(7) Јавниот повик се објавува на веб - страницата на Општина Битола.

(8)Надлежности на Локалното собрание на млади се:

- Да работат на спроведување на активностите на Собранието.

- Да учествуваат во подготовка на документи.

- Да изберат членови на Локалниот младински совет.

(9)Кандидатите за членови во Локалниот младински совет ги предлагаат граѓански

организации и младински здруженија, училишни и студентски здруженија и други форми на младински организации.

(10)По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до членовите на Локалното собрание на млади и до претседавачот кој пак свикува нова седница на Собранието. На седницата на Локалното собрание на млади се поканувaат делегатите на Локалното собрание на млади и кандидатите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет и ги исполнуваат критериумите од повикот.

(11)Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трачлена комисија, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет.

(12)Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Локалното собрание на млади, по што следува постапката на гласање.

(13)Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

(14) За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од вкупниот број на делегати од Локалното собрание на млади, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.

**Член 7**

(1) По спроведените избори, верификационата комисијата на Локалното собрание на млади изготвува извештај со листа на избрани членови кој го усвојува Локалното собрание на млади и истиот се доставува до Советот на Општина Битола за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет.

(2)Локалниот младински совет од своите редови избира претседател по пат на непосредни избори со тајно гласање.

(3)За претседател е избран кандидатот кој освоил најмногу гласови од вкупниот број на членови во Локалниот младински совет.

(4)Претседателот, за заменик претседател избира еден од членовите на Локалниот младински совет.

(5)Локалниот младински совет може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови

(6)Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Локалниот младински совет. Претседателот на Локалниот младински совет е должен да свика вонредна седница на предлог од најмалку 1/3 од членовите.

(7)Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловник за работа на Советот на млади.

(8)Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС.

**Член 8**

(1)Локалната стратегија за млади ја донесува Советот на Општина Битола за период од пет години.

(2)Локалната стратегија за млади се изработува од страна на Општина Битола во соработка со Локалниот младински совет.

(3)Акциските планови за локалната стратегија за млади се изработуваат од страна на Општина Битола во соработка со Локалниот младински совет, а ги донесува Советот на Општина Битола во период од една до три години и за нив се поднесува и буџет за реализација.

(4)Локалната стратегија за млади се спроведува со буџетски средства од Општина Битола.

**Член 9**

(1)Општина Битола ја става во функција веќе постоечката канцеларија за млади од

каде се координира работата и претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво.

(2)Советот на Општина Битола е должен да одреди службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

(3)Службеникот за млади од ставот (2) на овој член изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб – страницата на Општина Битола

(4)Контакт информациите за службениците за млади се јавно достапни на веб страната на Општина Битола.

Член 10

(1)Општина Битола обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување на седници.

(2)Од буџетот на Општина Битола, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на Локалниот младински совет во согласност со усвоената годишна програма.

(3)Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа.

Стручните и административните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина Битола, односно назначува службеник/чка за млади во согласно закон.

Бр. 09-40/26
03.01.2021 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за проширување на средствата на Буџетот на Оштина Битола за 2021 година ............... 2

О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година ..................................................................... 3

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2021 година........................... 4

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за користење и одржување на уличното осветлување во Општината Битола за периодот од 2020 година ..................................................................... 4

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Битола за 2020 година ............................................................ 5

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во општина Битола за 2020 година ........................................................... 5

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за економски развој за 2020 година ............................................ 6

З А К Л У Ч О К за усвојување годишен извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во општина Битола за 2020 година............................................ 6

З А К Л У Ч О К за усвојување годишен извештај за работата на Локалниот економско социјален совет на општина Битола за 2020 година ..................................................................... 7

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишен извештај за работата на Локалниот волонтерски Совет на општина Битола за 2020 година ..................................................................... 7

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишниот извештај за реализација на Програмата за еднакви можности во општина Битола за 2020 година ..................................................................... 8

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишниот извештај за работата на општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Битола за 2020 година........................... 9

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за туризам во општина Битола за 2020 година ........................... 9

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за култура во општина Битола за 2020 година ......................... 10

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за образование во општина Битола за 2020 година ......................... 10

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишниот Извештај за реализација на Програмата за активности во областа на спортот и младите во општина Битола за 2020 година .................... 11

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изработување урбанистички планови и урбанистичко плански документации на подрачјето на Општина Битола за 2020 година ........................ 11

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештај за реализација на Програмата за животна средина за 2020 година....................................... 12

ПРОГРАМА за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2021 година.......................................................... 13

П Р О Г Р А М А за измени на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2021 до 2023 година....................... 17

О Д Л У К А за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини во Општина Битола ......... 21

О Д Л У К А за давање на донација во вид на финансиски средства на НУ Завод за заштита на споменицитe на културата и музеј – Битола за реализација на проектот за презентирање на откриените археолошки наоди на локацијата пред Јени Џамија.................................................. 21

ОДЛУКА за аплицирање на Општина Битола по повик за предлози и грантови од програмата "ЕУ за општини - подобрување на услугите на локалната самоуправа преку иновативни концепти"......................................... 22

О Д Л У К А за формирање на Локален младински совет на Општина Битола................. 23

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211